РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 25-1024/1
25.09 2026 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 49 став 3 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10), донесе

# ПРАВИЛНИК
## за постапката и начинот на распределба на финансиските средства од Програмата за локален економски развој и заштита на животната средина на општина Пробиштип за тековна година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за распределба и за користење на финансиските средства што се предвидени во Програмата за локален економски развој и заштита на животната средина на Општина Пробиштип, наменети за здруженија на граѓани, кои ќе доставаат апликации со програми односно активности согласно надлежностите кои ги извршува општината.

Член 2

Финансиските средства за овој Правилник ќе се обезбедат во Буџетот на општина Пробиштип за тековната година, за која се распишува јавниот повик. Средствата ќе бидат предвидени во Програмата за Локален економски развој, Подпрограма за подршка на здруженија на граѓани, кои ќе бидат распоредени во зависност од освоените бодови за поднесениот проект.

Едно здружение или фондација може да поднесе проект во една област.

Член 3

Финансиските средства од член 2 на овој Правилник ќе се распределуваат во висина и во зависност од понудените проекти што се од поширок интерес за заедницата во сите области на дејствување на локалната самоуправа, со цел да се унапреди континуитетот на соработка со граѓанскиот сектор, да се подготват проекти и стратегии за решавање на проблемите во заедницата, да се воспостави соработка со здруженијата и со фондациите од различни групи на дејствување и со организациите што ја афирмираат општина Пробиштип.

Член 3-а

Финансиските средства од Буџетот на општината ќе се доделуваат исклучително за имплементација на конкретни активности насочени кон постигнување на мерливи локални резултати во следниве насоки:

1. **Директни корисници:** Активности кои вклучуваат директна работа со целни групи на територијата на општина Пробиштип (на пример: обуки, работилници, советувалишта, сервиси за помош на социјално ранливи категории, активности за млади и деца и слично).
2. **Јавни настани и масовност:** Организирање на отворени настани кои обезбедуваат масовно учество на граѓаните (на пример: локални фестивали, еко-акции за чистење и садење, изложби и слично).
3. **Промоција на општината:** Активности кои придонесуваат за афирмација на културното, природното и историското наследство на општина Пробиштип (на пример: изработка на промотивни материјали, мапирање на патеки, развој на алтернативен туризам и слично).
4. **Мерлив локален резултат:** Секоја активност мора да биде квантитативно и квалитативно изразена преку индикатори (на пример: зајакнати капацитети на точно $X$ број на лица; исчистена површина од $X$ метри квадратни; реализирани $X$ јавни настани со присуство на најмалку $X$ граѓани).

## II. ИСКЛУЧОЦИ И ОГРАНИЧУВАЊА ПРИ ФИНАНСИРАЊЕТО

Член 3-б

Финансиските средства добиени по овој Јавен повик не смеат да се користат за:

1. Редовни трошоци за основно функционирање на здружението: Плати и хонорари за менаџмент и административен тим (кои не се директно поврзани со проектна активност), кирии за канцеларии, сметки за струја, вода, греење, телефон и интернет, како и набавка на канцелариски мебел и редовен потрошен материјал на организацијата.
2. Трошоци за претходно настанати обврски, долгови, камати или покривање на загуби на здружението.
3. Активности кои имаат чисто политичка, верска или синдикална содржина.

Граѓанска организација која за предвидената буџетска година веќе е влезена во друга соодветна програма за работа на општина Пробиштип, или се финансира по друг основ директно од општинскиот буџет (дотации, грантови, програми за култура/спорт), не може да биде финално одобрена за финансирање по овој Јавен повик.

Член 3-в

При евалуација на проектите, предност ќе имаат организациите кои ќе обезбедат сопствено финансиско учество или дополнително партнерско учество (кофинансирање од донатори, сопствени средства, бизнис сектор или материјално/волонтерско учество). Истото мора да биде детално прикажано во проектниот образец и буџетот.

## III. ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 4

За доделување на финансиските средства од член 2 на овој Правилник Градоначалникот распишува Јавен повик во кој се наведува начинот за поднесување на барањето и образецот за аплицирање.

Јавниот повик се распишува во месец септември, трае 15 дена и се објавува на веб страницата на општина Пробиштип, на фејсбук страната на општината и на огласна табла.

Пристигнатите барања ќе ги администрираат Комисија формирана од Градоначалникот на општина Пробиштип.

Член 5

Право на учество во Јавниот повик ќе имаат здруженијата и фондациите со седиште на територијата на општина Пробиштип каде што физички ќе се реализираат проектите, а кои ги исполнуваат следниве критериуми што ќе бидат утврдени со Јавниот повик:

- да се регистрирани како здружение или фондација во согласност со Законот за здруженија и фондации

- да имаат активна трансакциска сметка и активен статус на дејствување од најмалку една (1) година

- да поседуваат Статут и Решение за регистрација на здружението или фондацијата

- да дејствуваат на територијата на општина Пробиштип

Посебни критериуми што треба да ги исполнуваат субјектите што учествуваат на овој повик се:

-да се од суштинско значење за подигнување на квалитетот на животот на граѓаните во локалната заедница во соодветните области

- доделените средства да се користат исклучително за намената за која се бараат и на начин што е определен во предлог- проектот.

Здруженијата и фондациите кои ги испонуваат напред наведените услови, нивните проекти ќе бидат бодирани на следниот начин:

| Критериуми за бодување и селекција | Максимум бодови |
|---|---|
| 1. Мерливост, масовност и опфат на граѓани: (Број на директни корисници, вклученост на граѓаните во јавни настани и видливост во заедницата). | 30 бода |
| 2. Промоција на општината и усогласеност со ЛЕР: (Придонес кон промоција на Пробиштип, локалниот економски развој и заштитата на животната средина). | 20 бода |
| 3. Реалност на буџетот и кофинансирање: (Оправданост на трошоците, отсуство на административни трошоци и обезбедено сопствено/дополнително учество). | 20 бода |
| 4. Квалитет на предлог-проектот: (Јасно дефинирани цели, реално остварливи активности во | 15 бода |

| | |
|---|---|
| временската рамка). | |
| 5. Капацитет на здружението: (Човечки ресурси, стручност на тимот и претходно искуство во реализација на слични локални проекти). | 15 бода |
| ВКУПНО МАКСИМУМ БОДОВИ | 100 бода |

Член 6

Врз основа на доставената апликација и спроведената постапка Комисија формирана од Градоначалникот, го утврдува исполнувањето на критериумите од член 5 на овој Правилник и до Градоначалникот на Општината се доставува предлог за усвојување или за неусвојување на предлог проектот за добивање финансиски средства.

Одобрените средства по проекти и по носители на проекти (апликанти) се предвидуваат во буџетот на општина Пробиштип за наредната фискална година, во Програмата за ЛЕР во Подпрограма за поддршка на локални здруженија на граѓани.

По усвојување на Буџетот на општината Градоначалникот донесува Одлука за распределба на средства од Буџетот на општина Пробиштип за финансирање здруженија и фондации, врз основа на која се склучува Договор за исплата на финансискисте средства.

Здруженијата на кои ќе им бидат усвоени проектите писмено ќе бидат информирани во рок од седум (7) работни дена од денот на донесувањето на одлуката.

Член 7

Подносителот на барањето на кој ќе му бидат доделени финансиски средства има обврска до Општината да достави детален наративен и финансиски извештај за искористеноста на средствата, веднаш по завршување на проектот.

Член 7-а

Секое здружение кое ќе добие средства е должно при реализација на јавните настани, промотивните материјали и објавите на социјалните мрежи јасно да истакне дека: „Проектот е финансиски поддржан од општина

Пробиштип во рамки на Програмата за ЛЕР за (се наведува тековната година)“.

Член 8

Општина Пробиштип преку Одделението за ЛЕР и заштита на животната средина води евиденција на сите доставени барања за користење финансиски средства во согласност со овој Правилник и сите донесени одлуки за финансисрање.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Овој Правилник влегува во сила на денот на донесувањето.

Изготвил: Марија Митева
Одобрил: Јованка Данева

Општина Пробиштип
Градоначалник,
Тони Тоневски